

Екипата на Ракометниот клуб Вардар од Скопје во финалниот натпревар го совлада тимот на РК Вардар од Неготино со резултат 20 – 15 и со тоа стана победник на првиот турнир во конуренција на пионери-генерација 1999 година и помлади,, Неготино-2013 ,, што викендов во организација на локалната самоуправа, Кроација Осигурување и РК Вардар - Неготино се одржа во нашиот град. Во полуфиналните натпревари Вардар од Неготино го совлада ГРК Кавадарци со 16-11, а скопски Вардар дури по изведување на пенали со резултат 16-15 ја победи екипата на Зоми Мак М од Струмица. На овој турнир кој оваа година се одржа за прв пат третопласирана беше екипата на Зоми Мак М која ја совлада екипата на ГРК Кавадарци со резултат 26-23. Натпреварите од турнирот се одржаа во спортската сала на СОУ Кирил и Методиј, а признанијата и наградите на најуспешните им го додели градоначалникот на општина Неготино Ванчо Апостолов.





